Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Бр.02-250/1
_____________ 2023 год.
СКОПЈЕ

**ДОПОЛНИТЕЛЕН ИЗВЕШТАЈ**
**од работна посета во Основен суд К.**
**на ден 01.02.2023 година**

Во рамките на следење на работата на Основен суд К., а врз основа на донесен заклучок на Судскиот совет на Република Северна Македонија бр. 02-250/1 од 27.01.2023 година, работна група од составена од членовите на Судскиот совет на Република Северна Македонија Х. З. - координатор за работата на Основниот суд К., м-р И. Н. и С. Г., на ден 01.02.2023 година изврши работна посета во Основниот суд К.

По спроведената посета на Основениот суд К. од страна на работната група изготвен е извештај бр.02-250/7 од 08.03.2023 година. Извештајот за посетата на Основен суд К., бр. 02-250/7 од 08.03.2023 година.е презентиран и усвоен на 433-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија одржана на 13,03.2023 година.

На наведената седница и покрај усвојување на извештајот утврдено е во рок од една недела до 10 дена да се изврши повторна ненајавена посета на Основниот суд К. при која поради сензитивната состојба во делот на меѓучовечките односи да се изврши непосреден разговор со судиите и со ВД претседателот на Основен суд К.

На 437-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија повторно е отворено прашањето за реализираната посета на Основен суд К. од страна на работната група составена од членови на Советот и изготвениот извештај од посетата. На оваа седница е потврден ставот заземен на 433-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија одржана на 13,03.2023 година и констатирано е дека од страна на работната група треба да се реализира уште една посета на Основен суд К. со цел утврдување на фактичката состојба по однос на прашањето за меѓучовечките односи во судот.

Постапувајќи по заклучокот од 433-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија и утврденото на 437-та седница на Советот, членовите на работната група Х. З. - координатор за работата на Основниот суд К., м-р И. Н. и С. Г., во делот на утврдувањето на меѓучовечките односи во судот постигнаа согласнот наместо посета на Основен суд К. од страна на работната група одреден број на судии од Основен суд К. да бидат повикани во Судскиот совет на Република Северна Македонија со цел да дадат свое видување за меѓучовечките односи во судот. Целта на остварување непосреден разговор со судиите е утврдување на меѓучовечките односи во судот како и односот на ВД претседателот на судот кон судиите и останатите вработени.

За утврдување на фактите и околностите во делот на утврдување на начинот на распределба на предметите на судиите преку АКМИС програмата, прераспределба на предметите од еден на друг судија и изземањето, од ВД претседателот на Основен суд К. со допис бр.03-250/8 од 09.05.2023 година и ургенција бр.03-250/23 од 23.05.2023 година побарано е до Советот да достави писмено произнесување во кое ќе се произнесе за начинот на распределба на предметите на судиите преку АКМИС програмата и за прераспределбата на предмети од еден на друг судија, (исклучување и вклучување во АКМИС програмата), за причините за исклучување на одредени судии од автоматска распределба на предмети и причините за извршена промена на судии.

По обезбедување на бараните податоци од ВД претседателот на Основен суд К. и изјавите на судиите од Основен суд К. работната група задолжена за спроведување на работна посета на Основен суд К. се произнесува како следи:

Од доставеното произнесување на ВД претседателот на Основен суд К. по однос на распределбата и прераспределбата на предмети на судии и исклучувањето на судиите од автоматската распределба на предметите преку АКМИС системот работната група утврди дека распределбата и прераспределбата на предемти на судии и исклучувањето на судиите од автоматската распределба на предметите преку АКМИС системот од страна на ВД претседателот се вршени согласно одредбите од Судскиот деловник, и дека сите извршени промени се поткрепени со соодветен акт (одлука или решение на ВД претседателот на судот) со образложени причини за одлученото.

Во таа насока утврдено е дека исклучувањето на судија од прием на нови предмети, односно автоматска распределба на предмети е вршено со одлука на ВД претседателот на судот која содржи наредба и причини за исклучување, дека исклучувањето на судија од прием на нови предемети е вршено во случаите на отуства на судии подолго од пет работни дена, а во случаите на отсуства пократки од пет работни дена, изземањето на судијата од постапување и распределба на предметот на друг судија е вршено .доколку на отсутниот судија му е доделен итен предмет. И во овие случаи изземањето и прераспределбата се вршени со решение на ВД претседателот на судот.

По однос на прераспределбата на предмети утврдено е дека со решение на ВД претседателот на судот еден предмет од еден судија може да биде распределен на друг судија во следните случаи: 1) поради поднесено барање за изземање (од судија или од повисок суд), 2) поради избор на нов судија за постапување по одреден вид предмети, 3) поради непостапување по одреден вид предмети од судија или 4) поради отсуство на судија во случаи кога се работи за итни предмети кои не трпат одлагање.

Во случаите кога судијата повеќе не постапува по одреден вид предмети, предметите се доделувале на друг судија, најчесто судија кој е новоизбран за постапување во тој оддел или судија кој е новораспореден за постапување во тој оддел. Во случаите кога не бил определен друг судија предметите преку автоматската распределба се распоредувале на сите судии во одделот кои постапувале по тој вид на предмети.

Согласно изложеното од страна на работната група утврдено е дека при распределбата и прераспределбата на предмети на судии и исклучувањето на судии од автоматската распределба на предметите преку АКМИС системот кај ВД претседателот на судот нема субјективни мотиви и намера, туку распределба, прераспределба и исклучувањеа на судиите е вршено од објективни причини настанати пред се како последица на промени во годишниот распоред за работа. Причините за промените се со цел рамноправна распределба на предметите помеѓу судиите и усогласена тежина при постапувањето по одреден вид предмети.

По однос на распоредувањето на судија кој ќе постапува во трговскиот оддел на судот по предметите од „СТ“ и „ТС“ уписникот работната група констатира надминување на настанатиот проблем. Имено, по донесување на одлуката на В. суд на РСМ со која е уважен приговорот на судијата А. И. С., првично распоредена да постапува по предметите од уписникот „СТ - ТС“, ВД претседателот на Основен суд К. има донесено одлука / решение со која судијата Ј. Ј. е распоредена да постапува по предметите од уписникот „СТ-ТС“. Со распоредувањето на судијата Ј. Ј. за судија кој ќе постапува по предметите од „СТ–ТС“ уписникот се создаваат услови за ажурно и благовремено постапување по овој вид предмети, согласно со одредбите од Судскиот деловник и Законот за управување и движење на предмети. Во оваа прилика треба да се напомене дека одлуката за распоредување на овој судија за постапување по предмети од уписникот „СТ-ТС“ е донесена од ВД претседателот и покрај тоа што на колегиум на кој било расправапо за ова прашање сите останати судии гласале против.

За утврдување на меѓучовечките односи во Основен суд К. членовите на работната група оствариja непосреден разговор со судите кои беа повикани во Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Во делот на меѓучовечките односи помеѓу судиите и вработените во службата од една страна и ВД претседателот на судот од друга страна се утврди дека односите посебно се измениле во негативна смисла по сообраќајната незгода која и се случила на претседателката, односно по нејзиното враќање на работа од боледување, кога станала понестабилна.

За периодот пред сообраќајната незгода од изјавите на судиите се утврди дека ВД претседателката била агилна и трудољубива личност со добри способности за организација на

работите и професионално постапување. Тоа се манифестирало во секојдневната работа каде ВД претседателката постапувала како голем професионалец, нејзиниот однос кон вработените и судиите бил коректен, повеќе работи во судот се довеле во ред, поради кои причини претседателката имала поддршка од судиите и вработените. Во тој период се трудела судот ажурно да работи, ги знаела сите уписници, никогаш не се јавувала за ургенции за предмети и немало караници, кавги и расправии помеѓу колегите. Ваквата состојба траела кратко време по изборот на претседателката, односно се до случување на сообраќајната незгода по која работите се смениле.

Во периодот по сообраќајната незгода од исказите на судиите се утврди дека кај ВД претседателката не се забележани промени во однесувањето иако во одредени моменти се случувало да заборава, но тоа не значело дека не размислува логично и течно. Но, имало и случаи кога не паметела ликови и станала избувлива, сцени кои се случувале речиси секојдневно, кон вработените имала потценувачки однос и комуницирала со недолични зборови и висок тон, немала трпение да сослуша, се изгубила колегијалноста со вработените и станала конфликтна личност. Кон одредени судии постапувала субјективно и поради лични побуди не им доделувала записничари и стручни соработници, а одредени судии биле привилегирани. Во тој период ги влошила односите и со администраторот на судот со кого често имала караници. Сето тоа придонело истата да се перцепира како конфликтна личност која презентира моќ.

Од изјавите на судиите за работната група произлегува единствен, општ заклучок дека ваквото однесување на ВД претседателката се рефлектирало кон сите вработени, а не кон поединци, и не било на национална основа, Се манифестирало со употреба на навредливи зборови, разговор на висок тон, употреба на несоодветен вокабулар од страна на ВД претседателот што придонело кон нарушување на работната атмосфера и губење на довербата како помеѓу судиите на колегијална основа, така и во односот на судиите со претседателот. Сето тоа придонело ВД претседателката да се перцепира како конфликтна личност која презентира моќ.

Ваквата состојба придонела одредени судии да станат привилегирана кај претседателот, наспроти останатите и се повеќе се губела можноста да се оствари контакт и средба со ВД претседателот на судот.

**ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА:**

1. По однос на распределбата и прераспределбата на предмети на судии и исклучувањето на судиите од автоматската распределба на предметите преку АКМИС системот не е констатирано постапување спротивно на законските прописи. Распределбата и прераспределбата на предмети на судии и исклучувањето на судиите од автоматската распределба на предметите преку АКМИС системот од страна на ВД претседателот се вршени согласно одредбите од Судскиот деловник.

Сите извршени промени по овие основи (распределба, прераспределба на предмети и исклучувањето на судиите од автоматската распределба на предметите преку АКМИС системот се поткрепени со соодветен акт (одлука или решение на ВД претседателот на судот) со образложени причини за одлученото.

2. Нема субјективни мотиви и намера при распределбата и прераспределбата на предмети на судии и исклучувањето на судии од автоматската распределба на предметите преку АКМИС системот, туку истите се вршени од објективни причини настанати пред се како последица на промени во годишниот распоред за работа.

3. Надминат е проблем во трговскиот оддел на судот со распоредување на судија кој ќе постапува по предметите од „СТ“ и „ТС“ уписникот.

4. Во делот на меѓучовечките односи констатирани се нарушени односи кои имаат влијание на функционирањето на судот.